РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 03-358
17.11. 2023 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, согласно Заклучокот бр.02-4225/6 од 16.11.2023 година го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што во изданието бр.25952 на „Нова Македонија" од 20 октомври 2023 година, наместо да биде објавен точниот број на печатени примероци, во импресумот е наведено дека изданието е испечатено „во тираж до 3.500 примероци".

2. Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

4. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда, констатирано непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 став 1 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 26 октомври 2023 година, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот, издавачот на печатен медиум Друштво за производство, промет и услуги (ДППУ) РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", при што констатираше прекршување на член 14 став 1 од ЗМ, на начин што издавачот на печатен медиум, во изданието бр.25952 на „Нова Македонија" од 20 октомври 2023 година, не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од ЗМ, односно наместо да биде објавен точниот број на печатени примероци, во импресумот е наведено дека изданието е испечатено „во тираж до 3.500 примероци".

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија" на 27.10.2023 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-3865/2 од 27.10.2023 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година, со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на издавачот на печатен медиум, на 02.11.2023 г., за што во предвидениот рок ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗМ арх.бр.306-148/1 од 06.11.2023 г. (наш арх.бр.03-3865/3 од 07.11.2023 г.). Советот на Агенцијата на седницата одржана на ___.11.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 став 1 од ЗМ, точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4225/6 од 16.11.2023 година донесе Решение со кое јавно се опоменува ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија" и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред

надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";
- Управителот на ДППУ РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

26.10.2023
03 3865 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", и тоа:

- изданието бр. 25952 на „Нова Македонија" од 20 октомври 2023 година

3. Датум на извршување на надзорот: 26 октомври 2023 година

4. Предмет на надзорот: Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум*".

5. Претходно изречена мерка: нема

6. Констатации од надзорот: Со надзорот е констатирано дека Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", во изданието бр. 25952 од 20 октомври 2023 година не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. Опис на прекршувањето: Со надзорот е констатирано дека во изданието бр. 25952 на „Нова Македонија" од 20 октомври 2023 година, наместо да биде објавен точниот број на печатени примероци, во импресумот е наведено дека изданието е испечатено „*во тираж до 3.500 примероци*".

8. Предлог мерка: Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13,

13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија", и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година) да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***